# раскажува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, секоја ноќ кога ќе легнел во постела, ги собирал дланките, дувал во нив и рецитирал: (Кажи: „Тој е Аллах, Еден е!"), (Кажи: „Барам заштита кај Господарот на мугрите.") и (Кажи: „Барам заштита кај Господарот на луѓето")

Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, секоја ноќ кога ќе легнел во постела, ги собирал дланките, дувал во нив и рецитирал: (Кажи: „Тој е Аллах, Еден е!"), (Кажи: „Барам заштита кај Господарот на мугрите.") и (Кажи: „Барам заштита кај Господарот на луѓето"). Потоа, поминуваше со дланките преку телото колку што можеше, почнувајќи од главата и лицето и продолжувајќи со остатокот од телото. Ова го правеше трипати.

Од праксата на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беше кога ќе легнеше да спие, да ги собере дланките, да ги подигне како за време на дова и нежно да дувне во нив со малку плунка, а потоа да ги рецитира: (Кажи: „Тој е Аллах, Еден е!"), (Кажи: „Барам заштита кај Господарот на мугрите") и (Кажи: „Барам заштита кај Господарот на луѓето"). Потоа со дланките ќе поминеше преку телото колку што можеше, почнувајќи од главата и лицето и продолжувајќи со предниот дел од телото. Ова го повторуваше трипати.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee